Врз основа на член 162 став 3, 164, 166, 170 став 3, 172 и 175 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018) и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно – научни, наставно – стручни, наставни, научни и соработнички звање на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, Ректорската управа на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, распишува:

**КОНКУРС**
**за избор на наставници во сите наставно-научни звања и еден стручен соработник на Факултетите во состав на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје**

Се распишува Конкурс за избор на наставници во сите наставно-научни звања и еден стручен соработник на:

**А. Факултет за градежништво и архитектура** во состав на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје.

**А.1 Студиска програма: АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН**

1. Избор на еден наставник во наставно - научна област **АРХИТЕКТОНСКИ КОНСТРУКЦИИ** (20112 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација)
2. Избор на еден наставник во наставно - научна област **АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈН** (20100 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација)

**А.2 Студиска програма: ГЕОДЕЗИЈА И ГЕОИНФОРМАТИКА**

1. Избор на еден наставник во наставно - научна област **ПРИМЕНЕТА ГЕОДЕЗИЈА** (20602) и **ДРУГО** (20609 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација)

**Б. Факултет за технолошки науки** во состав на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје.

**Б.1 Студиска програма: ТЕКСТИЛ, ДИЗАЈН И МОДЕЛИРАЊЕ**

1. Избор на еден стручен соработник по стручно-уметнички предмети од областа **ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ТЕКСТИЛ И ОБЛЕКА** (22304 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација) и **ТЕКСТИЛ** (60707 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација)

**Услови и критериуми за избор:**

Кандидатите треба покрај општите услови да ги исполнуваат и условите и критериумите предвидени со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Мајка Тереза” во Скопје.

Кандидатите се должни да ги поднесат следниве документи: пријава за учество на конкурсот, куса биографија, докази за исполнетост на општите и посебните услови, списокот на научни и стручни трудови по еден примерок од научните и стручни трудови и Одлука од претходен избор во наставно – научно звање.

Работното време ќе биде утврдено согласно на распоредот за часови и актите на Универзитетот.

Паричниот износ на основната нето плата за наведените позиции е во согласност со актите на Универзитетот, наставната ангажираност на наставникот и асистентот - докторанд во семестарот и наставно научното звање во кое е извршен изборот а изнесува од 22.831 до 34.446 денари.

Конкурсот трае пет (5) работни дена од денот на објавувањето на конкурсот. Пријавата со потребните документи кандидатите треба да ги достават во просториите на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, ул."12 Македонска бригада" бр. 2-а/VI спрат, со назнака: За Конкурс за избор на наставници во сите наставно – научни звања на:

**А. Факултет за градежништво и архитектура**

**Б. Факултет за технолошки науки**

во состав на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје.

Некомплетните и ненавремено доставени документи нема да бидат земени во постапка за разгледување.

Универзитет „Мајка Тереза” во Скопје